CIVIL

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world



# ПРОМЕНАТА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ

## ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ

**ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ**

**ПРОЕКТ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ**


СТАТИСТИКА | STATISTIKA
4 ГОДИНИ | VITE
28 СЕМИНАРИ | SEMINARE
20 РАБОТИЛНИЦИ | PUNËTORI
1500+ ПРИЛОЗИ | ARTIKUJ
4 ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ | PROCESE ZGJEDHORE
950+ АКРЕДИТИРАНИ НАБЉУДУВАЧИ | VËZHGUES TË AKREDITUAR
1000+ ГРАЃАНСКИ НАБЉУДУВАЧИ | VËZHGUES QYTETAR
110 НАГРАДИ ЗА ГРАЃАНСКО НОВИНАРСТВО | SHPËRBLIME PËR GAZETARI QYTETARE
1000+ УЧЕСНИЧКИ И УЧЕСНИЦИ НА СЕМИНАРИ И РАБОТИЛНИЦИ | PJESËMARRËSE DHE PJESËMARRËS NË SEMINARE DHE PUNËTORI
CIVIL
CIVIL
National Endowment for Democracy
CIVIC LENSES PROJECT
www.civil.org.mk
CIVIL
WWW.CIVIL.ORG.MK
HUMAN RIGHTS
SUSTAINABLE
FREE SOCIETY
EST. 1999
CITIZEN
ELECTIONS
PARTICIPATION
SOCIAL JUSTICE
ARMS CONTROL
free. it's your right.

# ПРОМЕНАТА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ

## ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ

### ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ

**ПРОЕКТ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ**

**ЦИВИЛ, 2019**

**ПРОМЕНАТА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ**
ГРАЃАН(К)ИТЕ УЧЕСТВУВААТ, НАБЉУДУВААТ, ИЗВЕСТУВААТ

Публикација на проектот:
ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ - ПРОЕКТ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ

Издавач: ЦИВИЛ - Центар за слобода
За Издавачот: Џабир М. Дерала

Редакција:
Џабир М. Дерала, Биљана Јордановска, Синиша Станковиќ, Маја Ивановска, Игор Илиевски, Дијана Тахири, Дехран Муратов, Ангела Петровска, Ариан Мехмети, Симона Манева Живкова, Арбен Зеќири, Атанас Петровски

Layout & Design: Џабир М. Дерала, Ариан Мехмети
Јазична редакција: Наташа Цветковска, Дијана Тахири, м-р Гордана Ацеска

Оваа публикација е финансирана од фондацијата National Endowment for Democracy.
**Наодите и ставовите презентирани во оваа публикација се исклучиво на ЦИВИЛ и на автор(к)ите и не нужно ги отсликуваат ставовите на донаторот.**

Контакти:
ЦИВИЛ, Максим Горки 31/1, Скопје, Република Северна Македонија
02/5209176 | civil@civil.org.mk | civil.macedonia@gmail.com

**WWW.CLP.MK**

СОДРЖИНА

| 5 ЦИВИЛ Тим за комуникации Воведни белешки: ПРОМЕНАТА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ! | 9 Џабир Дерала БОРБА ЗА СЛОБОДНО И ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО | 17 Синиша Станковиќ ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО – ФИЛТЕР ЗА ПОЗДРАВО ОПШТЕСТВО | 29 Сашо Ордановски ГРАЃАНСКОТО ЌЕ МУ ПРЕСУДИ НА ПРОФЕСИОНАЛНОТО НОВИНАРСТВО | 35 Игор К. Илиевски ОД „КРАНОВИ" ДО „ШАХТИ" – ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ МЕЃУ ЕТИКАТА И КАЗНИТЕ | 43 Зоран Иванов ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ДИНАМИЧНА МАТЕРИЈА КОЈА ЈА МОДЕЛИРА ПОЛИТИКАТА | 54 Петрит Сарачини ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ОДГОВОР НА НЕДОСТАТОКОТ НА КРЕДИБИЛНИ И НЕЗАВИСНИ ИНФОРМАЦИИ | 58 Јасна Бачовска ДАЛИ ИМАМЕ ЧУВСТВО ДЕКА ОДЛУЧУВАМЕ ВО ОВА ОПШТЕСТВО? | 62 Арбен Зеќири ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАРИ ПРИДОНЕСУВААТ ВО СИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ СФЕРИ, ОСОБЕНО НА ЛОКАЛНО НИВО | 64 Мерита Максути ГРАЃАНИНОТ Е САМО РЕТОРИКА, А НЕ ЦЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ | 67 Билјана Ивановска ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА, ПРЕСУДНО Е ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО | 74 Биљана Јордановска ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО, ЧЕКОР КОН ВИСТИНСКО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО| 78 Маја Ивановска ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА Е ЈАСНО ДЕФИНИРАНА ОБВРСКА, ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРИ Е СТРОГО ЗАБРАНЕТА| 82 Горан Трајков ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е АЛАТКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ! | 84 Симона Манева Живкова ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е МОЌНА АЛАТКА ЗА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНСТИТУЦИИТЕ И ВЛАСТА | 86 Завршна белешка ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е НА ПРВИТЕ ЛИНИИ НА ФРОНТОТ


CIVIL
WWW.CIVIL.ORG.MK
HUMAN RIGHTS
SUSTAINABLE
FREE SOCIETY
CITIZEN
ELECTIONS
PARTICIPATION
SOCIAL JUSTICE
ARMS CONTROL
be free
CIVIL
CIVIC LENSES PROJECT
www.civil.org.mk
ADVANCED STYL

## ВОВЕДНА БЕЛЕШКА

# ПРОМЕНАТА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ!

Во оваа публикација, тимот на ЦИВИЛ што го спроведува проектот „Граѓански објектив - промовирање на транспарентноста и одговорноста во политичките процеси“ направи избор од текстови релевантни на темите со кои се занимава проектот. Доминираат текстови за лажните вести и говорот на омразата, но транспарентноста и одговорноста во политичките процеси, секако, е директно или индиректно, континуирана, трансферзална тема во најголем дел од содржините што се продуцираат во проектот, па така и во оваа публикација.

Ова е своевиден зборник на различни текстови што можат да послужат како едукативна материја и поттик за луѓето што работат во организациите на граѓанското општество, медиумите, универзитетите, но и многу пошироко, за сите граѓанки и граѓани. Воедно,

**ВО ПЕРИОДИ НА ПОЛИТИЧКИ ПРЕВИРАЊА, КОГА ВО ЈАВНАТА КОМУНИКАЦИЈА СÈ ПОЧЕСТО СЕ УПОТРЕБУВА ГОВОРОТ НА ОМРАЗАТА И ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ, ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАР(К)И СЕ ТИЕ КОИ МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСАТ КОН ОПШТЕСТВЕНИТЕ ЗАЛОЖБИ ЗА ДЕМОКРАТСКА И АРГУМЕНТИРАНА ЈАВНА ДЕБАТА...**

оваа публикација претставува и своевиден, скратен водич низ темите со кои се занимава ЦИВИЛ во текот на спроведувањето на проектот „Граѓански објектив“.

Воедно, ова е публикација што претставува своевидно продолжение на претходните три публикации со заеднички наслов „Ние сме медиумите“, кои ги публикуваше ЦИВИЛ од 2016 до 2018 година.

Во периоди на политички превирања, кога во јавната комуникација сè почесто се употребува говорот на омразата и лажните вести, граѓанските новинар(к)и се тие кои може да придонесат кон општествените заложби за демократска и аргументирана јавна дебата, кон разобличувањето на дезинформациите, лажните вести и говорот на омразата.

ЦИВИЛ ги повикува сите граѓанки и граѓани да фотографираат, снимаат и да пишуваат извештаи за тоа што се случува во нивната средина, на работа, во соседството, во комуникациите, во контактот со институциите. Единствено со граѓанското учество и граѓанското известување од теренот, општеството ќе успее успешно да се справи со клиентелизмот и корупцијата. Граѓанското учество во секој сегмент

**АКТИВИЗМОТ И ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО, СЕ МЕЃУ НАЈУСПЕШНИТЕ АЛАТКИ СО КОИ ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА БИДАТ КОНТРОЛОРИ**

од општествениот и политичкиот живот е вистинскиот избор за едно прогресивно интегрирано и одржливо општество, без предрасуди, без насилство, без злоупотреби и без корупција.

Промената е во вашите раце! - повикува ЦИВИЛ од самиот почеток на проектот во октомври 2015.

Активизмот и граѓанското новинарство, се меѓу најуспешните алатки со кои граѓанките и граѓаните имаат можност да бидат контролори на работата на државните и локалните функционери и институции и да вршат притисок тие да работат според законите, транспарентно и одговорно.

Како и повеќе пати порано, тимот на ЦИВИЛ, ќе ја искористи и оваа прилика, да ги повика читателките и читателите на оваа публикација да ги споделат овие содржини со своите пријателки и пријатели. Оваа публикација е од отворен карактер. Пишувајте нови страници во неа. Држете го вашиот објектив секогаш подготвен да ја улови и распространи вистината. Ние сме медиумите!

**ЦИВИЛ Тим за комуникации**

nota bene

**Граѓански објектив** е проект за транспарентни и одговорни политички процеси, преку поддршка и популаризација на граѓанското новинарство, јакнење на јавната свест, граѓанско образование и активизам на граѓанките и граѓаните за човекови права, слобода на изразување, демократија и слободни избори.

Ова е проект кој обезбедува обука и можности за граѓаните да учествуваат, да набљудуваат и известуваат за општествените и политичките настани и процеси, вклучувајќи ги и изборите.

Преку **Граѓански објектив**, граѓанките и граѓаните ги потсетуваат властите и функционерите за нивната обврска да бидат транспарентни и одговорни.

# ВО БОРБА ЗА СЛОБОДНО И ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

**ЏАБИР ДЕРАЛА**

Популизам, национализам, етничка и религиозна омраза, антизападна пропаганда, лажни вести и дезинформации, говор на омраза, насилство врз жени и ЛГБТИ заедници, исклучивост, антимигрантска кампања, промоција на богатството и моќ на доминација наспроти концептите социјалната правда и дијалогот – се тенденции и идеи промовирани отворено и агресивно токму преку медиумите и социјалните мрежи.

**ДЕМОКРАТИЈАТА Е ВО КРИЗА.**

Без претензии да се впушта во километарски анализи на состојбите со слободата на говорот и медиумските слободи, активизмот и граѓанското новинарство, овој напис има намера само да ги посочи главните теми што се поврзани со најновите случувања во овие области, придружени со неколку предупредувачки сигнали.

Во таа смисла, ова е обид да се воспостават неколку насоки за развој на прогресивни идеи кои придонесуваат кон јакнење на отпорноста и борбата против авторитарните, националистичките и дискриминаторските тенденции во општеството.

Во извештајот на Фридом Хаус се вели:

*Во 2018 година, во извештајот „Слобода во светот“ се бележи 13-та последователна година на пад на глобалната слобода. Пресвртот опфаќа различни држави во секој регион, од долгогодишните демократии како Соединетите држави до консолидираните авторитарни режими како Кина и Русија. Целокупните загуби се сè уште мали во споредба со придобивките од крајот на 20 век, но моделот е конзистентен и злокобен. Демократијата е во криза.*

Во обид да откриеме каде се наоѓаат главните ризици, барем што се

**НАЈЧЕСТИОТ „ШТИТ“ ШТО ГО КОРИСТАТ ГЕНЕРАТОРИТЕ И СПРОВЕДУВАЧИТЕ НА ОВИЕ НАЗАДНИ ИДЕИ И СОЦИОПОЛИТИЧКИ ДВИЖЕЊА Е, ВСУШНОСТ, СЛОБОДАТА НА ГОВОРОТ.**

однесува до балканскиот регион, ситуацијата е загрижувачка токму во доменот на медиумската индустрија. Медиумите се главната мета на авторитарните режими и политичките структури кои се во подем и кои ги загрозуваат основите на демократските институции во многу земји, вклучително и македонското општество и државата. Популизам, национализам, етничка и религиозна омраза, антизападна пропаганда, лажни вести и дезинформации, говор на омраза, насилство врз жени и ЛГБТИ заедници, исклучивост, антимигрантска кампања, промоција на богатството и моќ на доминација наспроти концептите социјалната правда и дијалогот – се тенденции и идеи промовирани отворено и агресивно преку медиумите и социјалните мрежи.

Најчестиот „штит“ што го користат генераторите и спроведувачите на овие назадни идеи и социополитички движења е, всушност, слободата на говорот. Така заштитени со „слобода на говор“, авторитарните и честопати криминални структури, организирани во политички партии и фондации, лесно навлегуваат и често доминираат во јавниот дискурс во загрижувачки растечки број на општества, вклучително и во Европа. Особено фрагилно е македонското општество кое е во процес на демократска трансформација на општеството и институциите на

**ПРОПАГАНДАТА НЕ ГИ НАПАЃА САМО ТЕМЕЛИТЕ НА СЛОБОДАТА И ДЕМОКРАТИЈАТА, КОРИСТЕЈ´И ГИ ТЕРМИНИТЕ „СЛОБОДА“ И „ДЕМОКРАТИЈА“ КАКО АЛАТКИ И ПОРАКИ (ШТИТ), ТУКУ ТАА Е МНОГУ УСПЕШНА ВО ОБЕСХРАБРУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО И АКТИВИЗМОТ.**

државата, по една деценија заробена држава во периодот 2006-2016 година.

Уште полошо, пропагандата не ги напаѓа само темелите на слободата и демократијата, користејќи ги термините „слобода“ и „демократија“ како алатки и пораки (штит), туку таа е многу успешна во обесхрабрување на граѓанското учество и граѓанска свест. Поточно, овој вид пропаганда вредно работеше на „убивање“ на надежта на луѓето. Денес, постои раширен став дека „сите се исти“ и „ништо не може да се промени“. Паралелно со тоа, популистите и приврзаниците на авторитарноста успешно го презедоа и го рециклираат најдоброто од продемократскиот активизам ширум светот, користејќи го – против демократијата!

Граѓанското општество, медиумите и граѓанските продемократски движења беа мета, така што во нив се инфилтрирани радикалите, а делумно и се рекомпонираа. Забележливо е дека во изминатите неколку години се спроведоа коплексни пропагандни активности, што резултираше во состојба во која многу млади сега протестираат во корист на радикални, популистички, авторитарни структури, без

**ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ И ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ СТАНАА СОСТАВЕН ДЕЛ ОД МЕДИУМСКИОТ И ЈАВНИОТ МЕЈНСТРИМ, ВРАМУВАЈ´И ГИ ФАКТИТЕ ВО КОНТЕКСТИ ШТО ВОДАТ ДО ПОЛИТИЧКИ И ДРУГИ ПРИДОБИВКИ ЗА АВТОРИТАРНИТЕ И НАЦИОНАЛИСТИЧКИТЕ ГРУПИ И СТРУКТУРИ ВО ОПШТЕСТВОТО.**

воопшто да се свесни за тоа. Рускиот стил на водење хибридна војна против демократиите, делумно успеа да ги изманипулира луѓето, користејќи изопачена слика за тоа што претставуваат слободата и демократијата, а делумно пасивизираше делови од претходно активната младина и општата популација.




Со други зборови, лажните вести и дезинформациите станаа составен дел од медиумскиот и јавниот мејнстрим, врамувајќи ги фактите во контексти што водат до политички и други (дури и повеќе профитабилни) придобивки за авторитарните и националистичките групи и структури во општеството. Другите, еднакво успешно

**КОМБИНАЦИЈАТА НА ПОРАКИ „СИТЕ ТИЕ СЕ ИСТИ“, МОДЕРНИЗИРАН ИМИЏ „ПОЗАЈМЕН“ ОД ШАРЕНАТА РЕВОЛУЦИЈА (2016) И ЛАЖНИ ВЕСТИ, СЕ КОРИСТИ ОД СТРАНА НА ПРОТИВНИЦИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ АСПИРАЦИИ ЗА ВЛЕЗ ВО ЕУ И ВО НАТО**

пенетрирани, мети се институциите, особено судството, од каде корупцијата никогаш да се искорени.

Граѓанското новинарство, некогаш алатка на активистите за човекови права и организации во македонското општество, е делумно усвоено и рекомпонирано (и корумпирано) за потребите на антизападната пропаганда во земјата, што е многу флексибилна и сложена, заснована врз кражба на идеи и пораки и кои се манипулирани до ниво на непрепознавање. Комбинацијата на пораки „сите тие се исти“, модернизиран имиџ „позајмен“ од Шарената револуција (2016) и лажни вести, се користи од страна на противниците на македонските аспирации за влез во ЕУ и во НАТО, и е во прилог на мошне насилна, националистичка и изолационистичка политика на авторитарниот режим во земјата (2006-2016).

Да резимираме... Крајот на 2010-тите е обележан со драматично поместување на назадните идеологии кон пософистицирани методи на манипулација со јавното мислење. Слободата на говорот се злоупотребува во корист на антидемократските и антизападните тенденции. Хибридните напади врз демократијата се манифестираат

**ХИБРИДНИТЕ НАПАДИ ВРЗ ДЕМОКРАТИЈАТА СЕ МАНИФЕСТИРААТ ПРЕКУ КОНТИНУИРАНИ И АГРЕСИВНИ КАМПАЊИ СО ЛАЖНИ ВЕСТИ И ГОВОР НА ОМРАЗА.**

преку континуирани и агресивни кампањи со лажни вести и говор на омраза. Активизмот и граѓанското новинарство се киднапирани како нова, редизајнирана група на алатки за националистичка и антизападна пропаганда. Голем дел од младите и општата популација се пасивизира со пораките „сите се исти“ и „ништо не може да се промени“.

Она што ни треба е повторно да ги мобилизираме прогресивни млади, граѓанките и граѓаните воопшто, и да ги поттикнеме да ја вратат својата позиција на активно учество во процесите на донесување на одлуки и да бидат свесни за новите предизвици што ги носи хибридната војна против демократијата. Значи...

Далеку е од крај. Тоа е само почеток на нова, долготрајна битка за слободно и демократско општество. Имаме факти, ги знаеме одговорите. Сѐ што е потребно сега, е итно да преземеме одлучна акција за обнова на отпорот против бранот на авторитаризмот и да го победиме.



Семинар за граѓанско новинарство, Штип, 14 мај 2018

# ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО – ФИЛТЕР ЗА ПОЗДРАВО ОПШТЕСТВО

**СИНИША СТАНКОВИ´**

*Ако Ви е арно, тогаш ништо...*

Кога почнавме со проектот „Граѓански објектив", афоризмот „И на Месечината и во Македонија – нема живот" најдобро ја отсликуваше ситуацијата,  и сакав да се обидам, колку што знам и умеам, да помогнам: многуте „трпе-трајче-мирче-спасевци", да се освестат до кое дереџе сме стигнале и гласно да крикнат против неправдите и криминалот кои ја задушуваа државата.

Во едно од интервјуата што ги имав со извонредниот поет, (но пред сè, прекрасна личност) Михаил Ренџов, тој, онака поетски, се присети и на моментите кога, при првиот голем штрајк на работниците во скопската Железарница, некаде на крајот на осумдесеттите на минатиот век, довчерашните „Трпе“, „Трајче“ и „Спасе“, според него, за првпат, станале „Гласе“... Низ сеќавањата за тој негов изблик на гордост, провејуваше и неостварената желба - просечниот жител на Македонија конечно да создаде отворено општество и демократска и правна држава, во која сите граѓани рамноправно ќе живеат...

Кога прифатив да учествувам во проектот „Граѓански објектив“ на ЦИВИЛ - Центар за слобода, пред четири години, афоризмот „И на Месечината и во Македонија – нема живот“ најдобро ја отсликуваше ситуацијата, па пред мене ја имав токму таа цел: да се обидам, колку што знам и умеам, да помогнам. Многуте „трпе-трајче-мирче-спасевци“, да се освестат до кое дереџе сме стигнале и гласно да крикнат против неправдите и криминалот кои ја задушуваа државата.

Иако знаев дека се работи и за обид за надминување на вековните „труења“ со поговорките според кои, „главата која е наведната, сабјата не ја сече“ и „советите“, дури и пред бесилка, дека е поарно да се „молчи и трае, оти секогаш може да биде полошо“, во прокетот видов можност за промена. Анегдотите за менталитетот, поради кој жртвата прашува дали џелатот има своја ортома за да ја обеси, или таа самата, да отиде до дома

**КАКО ЗАТСКРИВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ, РЕЧИСИ ЕДНА ДЕЦЕНИЈА ПАРАЛЕЛНО СЕ СОЗДАВАШЕ ХИСТЕРИЈА НА КВАЗИПАТРИОТИЗАМ („ДУПЛА ЖОЛТА И ´Е ЗАГИНЕМЕ ЗА МАКЕДОНИЈА!“), НА ПРОГОН НА ВЕШТЕРКИ („ПРЕДАВНИЦИ“ И „ШПИОНИ“ – ВСУШНОСТ, СИТЕ ИНАКУМИСЛЕЧКИ), НА БИЛДАЊЕ НА НОВ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ...**




*Работилница за граѓанско новинарство за време на ЦИВИЛ Фест, Скопје, 11 декември 2018*

и да донесе некакво јаже (а таму, дома, под душемето, заедно со последната паричка, ги чува „за црни денови“ и кубурот и ножот, кои, нели, се бакнуваат во видео-спотови и револуционерни филмови), никого веќе не успеваа да насмеат... Но факт е дека, жителите на Македонија со векови биле уверувани дека е подобро да седи мадро, а дури и во песна, Македонецот себеси си се обраќа со деминутив, за да не ги налути кројачите на неговата судбина... Да не се бранува, да се

**ИСКРЕНО, НЕ СЕ СЕ´АВАМ КОЛКУ СЕМИНАРИ И РАБОТИЛНИ ЦИ ОДРЖАВМЕ ВО ГРАДОВИТЕ ШИРУМ МАКЕДОНИЈА, ВО ДОМОВИ НА КУЛТУРА, ВО ХОТЕЛИ, ВО МЛАДИНСКИ ДОМОВИ, НО И НА ОТВОРЕНО – ВО ПАРКОВИ, НА ПЛОШТАДИ...**

трпи ем трае, да се биде  мирен и да се молчи, за да се биде спасен..., се совети пренесувани од колено на колено, кои за жал, го срчосувале духот и го создавале поданичкиот менталитет.

Од друга страна, како затскривање на криминалот, речиси една деценија паралелно се создаваше хистерија на квазипатриотизам („дупла жолта и ќе загинеме за Македонија!“), на прогон на вештерки („предавници“ и „шпиони“ – всушност, СИТЕ инакумислечки), на билдање на нов национален идентитет... И поради сето тоа, и покрај сознанијата за граѓанскиот видео-активизам, со децении актуелен во светот, во хаосот што владееше во Македонија, како и поради карактеристиката - „турни ме, да кинисам“, бев скептик за успехот на идејата за граѓанско новинарство.

Искрено, не се сеќавам колку семинари и работилници одржавме во градовите ширум Македонија, во домови на култура, во хотели, во младински домови, но и на отворено – во паркови, на плоштади... Нормално, не се сеќавам ни на ликовите на стотиците учесници, иако со некои од нив прекрасно дебатиравме и другарувавме. Но, знам дека ЦИВИЛ додели над 100 награди за најдобрите прилози на граѓанските

**СЕ МОБИЛИЗИРАА ГРАЃАНИ „ОД СОСЕДСТВОТО“, ОНИЕ КОИ МОЖЕБИ, НИ ВЕСТИТЕ, НИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ, НЕШТО ОСОБЕНО НЕ ГИ ИНТЕРЕСИРАЛЕ, СЀ ДОДЕКА НЕ ГИ ЗАСЕГНАЛА НЕКОЈА НЕПРАВДА И НЕ СЕ ОХРАБРИЛЕ ДА ПРОГОВОРАТ ЗА НЕА, СМЕТАЈ´И ДЕКА ВЕ´Е НЕМААТ ШТО ДА ЗАГУБАТ...**

новинари, студенти, невработени, стечајци, отпуштени, технолошки вишоци, пензионери - граѓани во третата доба, но и професионални новинари, незадоволни од ситуацијата во медиумите – мегафони на власта... Сепак, пред сѐ, „обични“ луѓе, кои во најголем дел, никогаш и не помислиле дека некогаш ќе фотографираат, снимаат видео прилози или известуваат за некој настан.

Се мобилизираа граѓани „од соседството“, оние кои можеби, ни вестите, ни традиционалните медиуми, нешто особено не ги интересирале, сѐ додека не ги засегнала некоја неправда и не се охрабриле да проговорат за неа, сметајќи дека веќе немаат што да загубат... Да, добар дел од наградените, сѐ уште сакаа да останат анонимни за пошироката јавност, но проектот за граѓанско новинарство, сепак, ја исполни целта.

А целта беше едукација за човековите права во најширока смисла и вклучување на што повеќе граѓани, свесни за своите права и обврски, во процесите на донесување на одлуките на локално и на централно ниво. Според јасните и куси правила: 1. - Не го прави она што не сакаш да ти го прават, и 2. - Не се согласувам со Вашето тврдење и со

**ВО „ГРАЃАНСКИ ОБЈЕКТИВ“ ГИ МИКСАВМЕ ИСТРАЖУВАЊЕТО, АКТИВИЗМОТ, И МЕДИУМСКАТА РАБОТА ПРЕКУ ПОВЕ´ЕЈАЗИЧНИТЕ ПОРТАЛИ НА ЦИВИЛ МЕДИА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА СТРАНИЦА НА ПРОЕКТОТ:**

**WWW.CLP.MK**




*Тимот на ЦИВИЛ снима, фотографира, интервјуира...Честа слика низ целата земја. (Скопје, 8 февруари 2019)*

аргументирани контра-ставови ќе му се спротивставувам, но секогаш ќе се борам за вашето право слободно да го искажете свое мислење. И толку.

Додека дојдеме до нивото во кое етичноста и моралот на носителите на јавни функции ќе биде составен дел од нивната личност, а нема да се „будат“ само под притисок на јавноста, или кога ќе бидат фатени со рацете во азното. И додека стравот и понизноста не им отстапат место на критичноста и на ставањето на општиот пред личниот интерес, а стандардите и вредносните критериуми не се

**САКАВМЕ И, КОЛКУ Е МОЖНО, ДА ЈА ЗАЈАКНЕМЕ ЈАВНАТА СВЕСТ И ДА ГО ПОТТИКНЕМЕ ПРОЦЕСОТ НА СОЗРЕВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО.**

издиференцираат.. За да има будна јавност, секогаш подготвена да реагира, и да има отворени медиуми со професионални новинари, со уредници – бранители на честа и достоинството на професијата и со општествено одговорни сопственици...

Во „Граѓански објектив“ ги миксавме истражувањето, активизмот, и медиумската работа преку повеќејазичните портали на ЦИВИЛ Медиа и специјализираната страница на проектот www.clp.mk. Се обидувавме да ги мотивираме граѓаните да бидат будни набљудувачи на сите сфери на општеството, на практицирањето на политиката на било кое ниво, на злоупотребите, на изборните манипулации и на сите опструкции на правната држава - преку корупцијата, непотизмот, целосната партизација на секојдневната живеачка...

Сакавме и, колку е можно, да ја зајакнеме јавната свест и да го поттикнеме процесот на созревање на македонското општество. На бранот на протестите на средношколците, студентите, еколозите и „паркобраните“, хонорарците (новинари, писатели, сликари, архитекти, преведувачи...), „шарените“ револуционери од улиците на градовите низ Македонија, и граѓанските новинари, се изборија за своето место.

**НА СЕМИНАРИТЕ И РАБОТИЛНИЦИТЕ, ЗБОРУВАВМЕ И ЗА НОВИНАРСКИОТ ЗАНАЕТ, ПРЕД СÈ, ЗА ЧЕСНОСТА, МОРАЛОТ, ПОСВЕТЕНОСТА, ПОЧИТУВАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ, НЕОПХОДНАТА ИНФОРМИРАНОСТ...**

Како коректив, особено на локално ниво - секој во својата заедница, маало, село...

Се обидовме и да помогнеме во кревањето на нивото на медиумската писменост на Н.В. Конзумент на медиумските содржини, кој подолго од деценија беше труен и заведуван со спинови и голи лаги, за да може да ги препознае лажните вести, дискриминацијата, јазикот на омраза...

Но, и во кревањето на медиумската и општата писменост и кај дел од професионалните новинари, кои оставени на милост и немилост на аздисаните и алчни политички и бизнис елити кои вршеа притисок и врз дел од корумпираните газди на медиумите и врз уредниците со еластичен рбет, едноставно, не знаеја дека може и поинаку. И дека тоа што го секојдневно го прават, нема врска со благородната професија – новинар.

Затоа, на семинарите и работилниците, покрај „техниката“ (упатствата за користење на „умните телефони“, фотоапаратите, камерите..., начините на испраќање на снимените материјали и објавувањето на Интернет, како и основните правила за веста како царица на новинарството и за превртената пирамида со познатите прашања

**ВО СИТУАЦИЈА ВО КОЈА ПРОФЕСИОНАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА Е ТЕЖОК БОЛЕН, СЕКОЈ ИЉАЧ Е ДОБРЕДОЈДЕН, А СЕКОЈА МОТИВАЦИОНА ИНЈЕКЦИЈА ОД АКТИВИСТИТЕ, СВЕСНИТЕ ГРАЃАНИ, ЕТЕ И ВО УЛОГА НА НОВИНАРИ, МОЖЕ САМО ДА ПОМОГНЕ.**

5W + 1H), најчесто зборувавме за новинарскиот занает, пред сè, за чесноста, моралот, посветеноста, почитувањето на стандардите, неопходната информираност...

Никогаш не сум сметал дека граѓанското новинарство треба да биде единствена алтернатива на традиционалните медиуми, ниту дека граѓанските новинари треба да им ја спасуваат професијата на новинарите во Македонија, кои самите, еснафски мораа и мораат да се пресмет(ув)аат со натрапниците (безрбетници или платени подопашници, сеедно) во своите редови.

Но, во ситуација во која професионалното новинарство во Македонија е тежок болен, секој иљач е добредојден, а секоја мотивациона инјекција од активистите, свесните граѓани, ете и во улога на новинари, може само да помогне. Особено што и покрај одделни тврдења дека конечно „дојде животот“, сè уште не сум сигурен.

Не сум бил на Месечината...




# ОД ЛАЖНИ ВЕСТИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ДО КРВАВ НАПАД НА СОБРАНИЕТО

**Даниел Јошески**
13 min

ВО АВТОБУС 63 СЕ СЛУЧИ СЕРИОЗЕН ИНЦИДЕНТ ВЛЕГОА 30 АЛБАНЦИ ШВЕРЦЕРИ И ГИ ТЕПАА СИТЕ ПАТНИЦИ ГО КРШЕА АВТОБУСОТ ГИ ПЦУЕЈА МАКЕДОНЦИТЕ , ОЛИВЕР СПАСОВСКИ ШТО СЕ СЛУЧУВА НЕМОЈ ДА СЕ ОБИДЕШ ОВА ДА ГО СОКРИЕШ ОВА Е СЕРИОЗЕН ИНЦИДЕНТ ИМА ПОВРЕДЕНИ ПАТНИЦИ!!!

**BuBe Risteski** Бел ден да не видите. Семето да ви се сотре.

**Bistra Mitik** Grom da ve utepa kako so si odete gubrina

**Zoran Janevski** Да ци се сотре семката до седмо колено предавници

**Petar Miovski** U usta da ve ebam i vas i razum i dialog ima edna vistina ima edna MAKEDONIJA !



Собрание на Република Северна Македонија, 27 април 2017 година

nota bene

**Граѓанските новинарки и новинари** придонесуваат кон создавање на слободни и независни медиуми и се залагаат за транспарентни и одговорни политички процеси во чувствителни времиња за земјата. Откако ЦИВИЛ го воведе граѓанското новинарство во следењето на човековите права и изборите, јавноста е алармирана, а исто така и прекршителите. Кршењето на човековите права и слободи не е повеќе невидливо - јавноста за тоа може лесно и веднаш да дознае, преку прилозите на граѓанските новинарки и новинари.

# ОРДАНОСКИ: ГРАЃАНСКОТО ´Е МУ ПРЕСУДИ НА ПРОФЕСИОНАЛНОТО НОВИНАРСТВО

Политичкиот аналитичар и професор д-р Сашо Ордановски зборува за граѓанското новинарство и за тоа дали и колку ваквото новинарство може да придонесе за потранспарентни и одговорни процеси.

Денеска е илузорно да се разговара за или против граѓанското новинарство затоа што сите ние во џебовите носиме по едно телевизиско студио.

**ВИЕ КОГА ´Е СЕ РАЗБОЛИТЕ НЕ ОДИТЕ НА ГРАЃАНСКИ ДОКТОР, ТУКУ ОДИТЕ НА ДОКТОР КОЈ ИМА ЗАВРШЕНО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ.**

Во недостаток на подобар термин, она што денеска се случува ние го нарекуваме граѓанско новинарство. Инаку, тоа со новинарство нема врска. Во принцип, вие кога ќе се разболите не одите на граѓански доктор, туку одите на доктор кој има завршено медицински факултет. Бидејќи занаетот, како во лекарската професија, така и во новинарството, е важен.

Меѓутоа, денеска е илузорно да се разговара за или против граѓанското новинарство затоа што сите ние во џебовите носиме по едно телевизиско студио. Проблемот е во тоа што новинарството има строги стандарди коишто треба да се научат. Новинарството е професија којашто не е наука, но е занает кој треба да се знае. Кога тие стандарди и занаетчиски правила не се познаваат тогаш добиваме една тотална какофонија, којашто се пренесува на социјалните медиуми и која најчесто одмага на демократијата, а не помага.

Затоа ние денеска се занимаваме со тоа кој во која кафеана седел, каква му била фискалната сметка кога станал откако ги изел кикиритките и тоа има 300.000 лајкови и не знам колку гледаност на социјалните мрежи, а сериозната дебата за реформата на


СЛОБОДНИ МЕДИУМИ
ЗА СЛОБОДНО ОПШТЕСТВО
СЛОБОДНО.НЕЗАВИСНО.ОТВОРЕНО
MEDIA TË LIRA
PËR SHOQËRI TË LIRË
LIRË.PAVARUR.HAPUR
CIVILMEDIA
FREI.UNABHÄNGIG.OFFEN
FREE.INDEPENDENT.OPEN

**ДОЈДОВМЕ ДО ТОА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ НЕ САМО ШТО НЕ ГО БАРААТ КОНТЕКСТОТ ДА СЕ ВИДИ И ВТОРАТА СТРАНА, ТУКУ СЕ БАРА ФОТОГРАФИЈА ЗА ДА СЕ ВИДИ ЕДНА ИЛУСТРАЦИЈА ЗА НЕШТО ШТО СЕ СЛУЧИЛО, А КОЈАШТО НЕ КАЖУВА НИШТО ЗА ОКОЛНОСТИТЕ ВО КОИ СЕ СЛУЧИЛО.**

образованието има 3.000 гледачи. Луѓето веќе изгубија потреба за контекст, затоа што ова, таканаречено граѓанско новинарство не се занимава со контекстот, што е суштината на новинарската професија, туку се занимава со тоа кој е побрз во пласирањето на „веста“.

Дојдовме до тоа новите генерации не само што не го бараат контекстот да се види и втората страна, туку се бара фотографија за да се види една илустрација за нешто што се случило, а којашто не кажува ништо за околностите во кои се случило.

Бесмислено е прашањето што јас мислам за граѓанското новинарство, тоа не е новинарство, но е нешто што се случува, што не може да се избегне. Нешто што сум сигурен дека ќе му пресуди на професионалното новинарство. Бидејќи луѓето веќе немаат ниту време, ниту потреба да се занимаваат со контекстите, а суштината на новинарската професија е да се објаснат контекстите на фотографиите коишто ги гледате.

Мислам дека заради тоа новинарството е професија во изумирање и прашање е уште колку години ќе може да опстане. Од една страна ќе се навикнеме на оваа исклучително голема фреквенција

**ПОЛИТИКАТА НЕ Е НЕВЕШТА. ТАА ´Е ПОЧНЕ ДА ГИ МАНИПУЛИРА ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАРИ НА НАЧИН НА КОЈ НА ПОЛИТИКАТА И ОДГОВАРА.**

на бесмислености, на губење време... Потоа, тоа, пак, има една дополнителна карактеристика што значи дека ќе се изгуби одговорноста околу тоа што се разговара и како се разговара за одредени настани. Тоа е веројатно новиот стандард на кој се повеќе се навикнуваме.

Тоа потоа ќе се рефлектира врз тоа како ќе се прави политиката. Бидејќи и политиката не е невешта. Таа ќе почне да ги манипулира таквите граѓански новинари на начин на кој на политиката и одговара. А на политиката секогаш и е полесно да изманипулира граѓански новинар, од новинар којшто ја разбира политиката и знае да ги постави вистинските прашања.

обработка на текст: **Маја Ивановска**


POLITICS
DANGEROUS WASTE
FAKE NEWS
HATE SPEECH

# ОД „КРАНОВИ“ ДО „ШАХТИ“ – ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ МЕЃУ ЕТИКАТА И КАЗНИТЕ

**ИГОР К. ИЛИЕВСКИ**

„Лажните вести“, како што денес се нарекува манипулирањето со информации, од дозирано информирање до чисто дезинформирање, не се ниту нови, ниту ретки. Напротив, тие се секојдневни. А не се ни особено дискретни, од „бугарскиот кран“ (Александар си оди од „Македонија“: Пристигна кран за егзекуција од Бугарија) до „поклонување пред шахта“, или јулскиот снег во Аргентина.

**„ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ“, КАКО ШТО ДЕНЕС СЕ НАРЕКУВА МАНИПУЛИРАЊЕТО СО ИНФОРМАЦИИ, ОД ДОЗИРАНО ИНФОРМИРАЊЕ ДО ЧИСТО ДЕЗИНФОРМИРАЊЕ, НЕ СЕ НИТУ НОВИ, НИТУ РЕТКИ. НАПРОТИВ, ТИЕ СЕ СЕКОЈДНЕВНИ.**

„Се сеќавате на една вест која тврдеше дека замислете „бугарски кран влезе во Македонија, ќе се отстранува споменикот на Александар Македонски" – после што мала група граѓани се собраа на плоштадот во Скопје да го бранат споменикот од бугарскиот кран. Денес сме сведоци дека сите тие така наречени вести – беа лажни. Имаа цел да манипулираат, да го вознемируваат населението.“ Вака премиерот Зоран Заев ја илустрираше потребата од заштита од лажните вести на конститутивниот состанок на Акциската група за координација на институциите на државата за борба против дезинформации и напади на демократијата, што во четвртокот се одржа на иницијатива на Владата.

„Лажните вести“, како што денес се нарекува манипулирањето со информации, од дозирано информирање до чисто дезинформирање, не се ниту нови, ниту ретки. Напротив, тие се секојдневни. А не се ни особено дискретни, од „бугарскиот кран“ (Александар си оди од „Македонија“: Пристигна кран за егзекуција од Бугарија) до „поклонување пред шахта“, или јулскиот снег во Аргентина.

Целта, како и на секоја вест, им е да допрат до што поголем дел

**ВЛАДАТА НАЈАВИ ШИРОКА И СЕОПФАТНА ДЕБАТА СО СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ, ОДНОСНО СО „МЕДИУМИТЕ, МЕДИУМСКИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, НОВИНАРИ И ПОЕДИНЦИ КОИ СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОТИВ ЗЛОТО НАРЕЧЕНО ЛАЖНИ ВЕСТИ“**

од јавноста, било да е тоа од политички мотиви, како „кранот“ и „шахтата“, или, едноставно, од „економски“, како мамецот за кликови со откривањето на зимата на јужната хемисфера.

Владата најави широка и сеопфатна дебата со сите заинтересирани страни, односно со „медиумите, медиумските и граѓанските организации, новинари и поединци кои се определени против злото наречено лажни вести“, преку која треба да ги дефинира проактивните мерки против намерното, смислено дезинформирање.

Во очекување на резултат од идните дебати, кои се алатките кои во моментов можат да се применат против „лажните вести“? Генерално, можат да се поделат во две категории, со полициски речник, „меки“ и „тврди“.

Првите се мерењата на исполнетост на професионалните стандарди при известување, особено Кодексот на новинарите, или оценките на вистинитост на веста и етичноста на известувањето.

Двете главни алатки во оваа категорија се интернет-страниците за проверка на вистинитоста на вестите и придржувањето кон професионалните стандарди, како веќе етаблираните „Вистиномер“

**КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК ГО САНКЦИОНИРА „ШИРЕЊЕТО ПОРАКИ“, НО САМО АКО ПРЕДИЗВИКА ИЛИ „СОЗДАДЕ ОПАСНОСТ ОД ИЗВРШУВАЊЕ“ ДЕЛА КАКО „ТЕРОРИЗАМ“, „ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НАЦИОНАЛНА, РАСНА И ВЕРСКА ОМРАЗА, РАЗДОР И НЕТРПЕЛИВОСТ“...**




*(март, 2018) На социјалните мрежи се појавија фотографии од кранот кој пристигнал од Бугарија за со него да се дислоцира споменикот на Македонскиот крал Александар Македоснки, наречен „Воин на коњ“ од плоштадот „Македонија“. Граѓаните велат дека овој кран ќе го тргне споменикот во чест на утрешната посета на Грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас.*

и „Критинк“, но и неколку понови, како и Советот за етика во медиумите, чија Комисија за жалби постапува по сите наводи за кршење на професионалните и етичките стандарди во медиумите. Но, Комисијата, дури и кога ќе утврди прекршување на стандардите,

**ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКИТЕ И СРОДНИТЕ ПРАВА Е АЛАТКА ЗА „ПРИСИЛНА“ ПРИМЕНА НА НОВИНАРСКИТЕ СТАНДАРДИ.**

може да изрече само „мека“, односно морална санкција – да побара „дезинформаторот“ да ја објави нејзината одлука на истото место каде што бил објавен текстот/прилогот со кој е прекршен Кодексот. Лани Комисијата донела 38 такви одлуки.

Втората, „тврда“ категорија се можностите за законско санкционирање на прекршувањата на новинарските стандарди. Една од можностите е Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во чија примена има случаи на тужби од новинари против новинари или медиуми, но главно поради лична засегнатост од вест објавена во медиум.

Во оваа сфера би била и примената на Законот за авторските и сродните права, како алатка за „присилна“ примена на новинарските стандарди.

Конечно, тука е и Кривичниот законик, кој го санкционира „ширењето пораки“, но само ако предизвика или „создаде опасност од извршување“ дела како „тероризам“, „предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ или „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“.



Од лажни вести и говор на омраза до насилни протести. Протести на противниците на процесот за надминување на македонско грчкиот спор, февруари 2018 година. / ФОТО: А. Стаматиу

**ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ ПРОДОЛЖУВААТ СО НЕСМАЛЕНО ТЕМПО И ЕНТУЗИЈАЗАМ, ОД КОЈА БИЛО СТРАНА И ОД КОИ БИЛО МОТИВИ, БЕЗ РЕАЛНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ИЗРЕЧЕНИОТ ЗБОР**

Додека оваа, „тврда“ категорија мерки има дискутабилна ефикасност во примената, „меките“ мерки се несомнено ефикасни. И сајтовите, и Комисијата брзо и навремено реагираат на манипулациите со информации и на прекршувањата на професионалните стандарди во новинарството. ТИе се неспорно ефикасни, но не и ефективни. Нивната работа, иако за многу ја подигнува видливоста на „лажните вести“ и ја зголемува свеста на јавноста за оваа појава, сепак не ги спречува.

Во меѓувреме, лажните вести продолжуваат со несмалено темпо и ентузијазам, од која било страна и од кои било мотиви, без реална одговорност за изречениот збор. За жал, сеуште нема дело, како „вербален тероризам“, на пример, за кое јавноста може да ги тужи трујачите со лажни вести.

nota bene

Цензурата и самоцензурата станаа безвредни алатки на оние што сакаат да ги контролираат информациите и јавното мнение. **Граѓанското новинарство** ги урна границите поставени од политичките и финансиските структури на моќ и отвори нова ера во ширењето на информации низ медиумите и граѓанскиот простор. Доколку некој уредник одлучи да спречи објавување на одреден прилог, истата информација подготвена од активист може за неколку секунди да стане вирална.

ИНТЕРВЈУ | Зоран Иванов, новинар

# ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ДИНАМИЧНА МАТЕРИЈА КОЈА ЈА МОДЕЛИРА ПОЛИТИКАТА

Медиумите и новинарството се подложни на динамични промени и во контекст на развојот на комуникациските технологии и во контекст на политичките системи, како во позитивна (брзина, достапност, демократска јавност...), така и во негативна смисла на зборот (лажни вести, говор на омраза, манипулации, доминација на бизнисот и политиката...). Тргнувајќи од тезата дека граѓанското новинарство може да придонесе кон позитивни општествени и политички промени, разговараме со еден од доајените на македонското новинарство, Зоран Иванов.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Што е најважно да знаат тие што сакаат да се занимаваат со новинарство во денешно време во дадените контексти?**

**ИВАНОВ:** За секој што сака да стане новинар, да се посвети на таа професија најпрво треба да се знае самиот себеси. Да се запознае себеси. Да се скенира како личност со сета своја внатрешност.

Новинарската професија, како непишано правило, го бара тоа од секој новинар како фундамент на професијата. Новинарот треба да е личност со карактер. Да е човечен, да е борец за праведност, да е доволно храбар да ги гледа в очи и најголемите авторитети. Да нема комплекс на пониска вредност, уште помалку, на повисока.

Новинарството е одговорна професија. Бара личност со високи морални вредности кои го прават човек со дигнитет. Само таквите карактери ќе станат авторитетни новинари. Денес секој е писмен. Ако се сака, новинарскиот занает лесно се совладува. Секој млад човек е образован. Но тоа е помалку потребно за да се биде новинар. Уште помалку да се биде добар новинар. И најмалку да се биде авторитетен новинар.

Ова последново е важно, зашто новинарството е јавна професија. Нема професија што е повеќе јавна од новинарството. Не се тоа ниту политичарите, ниту естрадните ѕвезди. Новинарот преку медиумот во кој работи или индивидуално како новинарски авторитет, преку своите новинарски продукти, може да е и е катадневно присутен во



**ЗОРАН ИВАНОВ:**

НОВИНАР МОЖЕ ДА СЕ НАРЕЧЕ СЕКОЈ, АМА НОВИНАР МОЖЕ ДА БИДЕ САМО ОНОЈ КОЈ УМЕЕ ДА ЈА РАЗБЕРЕ, ДА ЈА СФАТИ МОЌТА НА ЈАВНИОТ ЗБОР И МОЌТА НА МЕДИУМОТ.

јавноста. Луѓето го читаат, го слушаат и гледаат. Нивните реакции се стрес за новинарот дури и кога се позитивни. Но неговата постојана јавна присутност, новинарот го прави општествено најприсутен и воедно и општествено најодговорен. И како професија новинар и како и личност.

Оттука и фактот дека секој не може да биде новинар. Новинар може да се нарече секој, ама новинар може да биде само оној кој умее да ја разбере, да ја сфати моќта на јавниот збор и моќта на медиумот. Кој умее уште на почетокот на својот новинарски ангажман да разбере дека новинарските алатки како што се перото, сега тастатурата, микрофонот, камерата и сите други што особено сега ги нуди информатичката технологија, се оружје. Тие се и опасни алатки кои смеат да бидат само во рацете на одговорни журналитички професионалци.

Од проста причина што, доколку се употребуваат неправилно и неетички, тие можат да наштетат на вистината која е елементарниот репер за новинарската



**ЗОРАН ИВАНОВ:**

СЕГА, СО ПОМОШ НА ТЕХНОЛОГИЈАТА, СЕКОЈ МОЖЕ ДА ПЛАСИРА АВТЕНТИЧНИ И АРГУМЕНТИРАНИ ВЕСТИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ. НО, ВО ИСТО ВРЕМЕ И СЕКОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ВО УЛОГА НА МАНИПУЛАТОР, ДА ЕМИТУВА ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ, ДА СОЗДАВА ЛАЖНИ СЛИКИ, НЕДОУМИЦИ, ДА НАВЕДУВА НА НЕВИСТИНИ, ДА СЕЕ ОМРАЗА...

работа. Дополнително, со злоупотреба на новинарската моќ, на медиумската и на редакциската позиција, тие можат некого неоправдано да натажат, да повредат, да траумализираат, да депримираат.

Од друга страна, токму новинарот и новинарството, редакцијата, медиумот, се субјектите за правилно фактографско информирање на јавноста, за автентично пренесување и толкување на настаните и за регистрирање на појавите.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Каков е придонесот на новите технологии за новинарството?**

**ИВАНОВ:** Новите технологии на новинарството му даваат нови, практично безгранични можности. Денес, благодарејќи токму на интернетот и на алатките на информатичката технологија, навидум, новинар може да биде секој. Буквално секој без исклучок. Алатката која сите ние ја поседуваме, а која сè уште по навика ја нарекуваме „мобилен телефон“ е новото мултимедијално чудо,

новинарска алатка со многу можности. Со него секој, може да созадде вест, информација со текст и видео од било кој настан на кој се нашол намерно или случајно. На некоја невообичаена, несекојдневна случка од каде што можеме да направиме вест и да ја пласираме во јавноста.

Да ја емитуваме брзо и ефикасно до некоја  редакција, до некој портал или само на нашиот профил на социјалните мрежи. Потоа, во зависност од нејзината атрактивност за потесната или за пошироката јавност, таа, токму преку тие нови технолошки можности, брзо станува достапна за секого. Таа брзо, не само што допира до бројни корисници на вести, туку и брзо формира единечни и колективни ставови во општеството.

Згора, токму интернетот и сè помасовното активно присуство и учество на широката публика на социјалните мрежи, ја формира и општествената демократска јавност. Значи, сите ние како граѓани во исто време сме во можност и да креираме вести и да коментираме вести и да заземаме одредени ставови во врска со нивните содржини. Да учествуваме во јавниот социјален живот и да формираме судови за секој настан.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Но, приказната има и друга страна...**

**ИВАНОВ:** Токму така. Сега со помош на технологгијата, секој може да пласира автентични и аргументирани вести и други информации. Но, во исто време секој може да биде и во улога на манипулатор, да емитува лажни информации, да создава лажни слики,

недоумици, да наведува на невистини, да сее омраза, да биде во платеничка или, во најмала рака, во навивачка функција и мисија на одделни политички или бизнис центри, чии намери се да се дојде до гола власт за привилегии или до нечесен профит на сметка на чесните граѓани.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Сакате да кажете дека новинарството, сепак, не е во изумирање и дека професионалните медиуми имаат сериозна улога во општеството?**

**ИВАНОВ:** Да, затоа се тука професионалните новинари. Редакциите и медиумите и новинарите и уредниците со своите одговорности спрема јавноста. Со авторитетот на професијата која е професија на вистината и професија за вистината. Токму поради фактот што секој може да биде „новинар“, но и поради фактот што секој може да биде „анти-новинар“, професионалните новинари ја имаат дополнителната обврска во мноштвото пласирани информации да се борат за вистината. Да ги проверуваат вестите, да ги поткрепуваат со факти, да ги демаскираат лажните вести и да ги разобличуваат намерите на нивните креатори и на нивните контролори, на нивните разнесувачи.

Токму затоа и е таа одговорна улога на новинарот, на уредниците и редакциите. Тие се главниот столб во борбата против лажните вести. Против вестите со навредливи содржини, со говор на омраза, со интенција за шовинизми, ксенофобии и разни други деструктивни појави и тенденции во општеството.



**ЗОРАН ИВАНОВ:**

ТОКМУ ПОРАДИ ФАКТОТ ШТО СЕКОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ „НОВИНАР“, НО И ПОРАДИ ФАКТОТ ШТО СЕКОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ „АНТИ-НОВИНАР“, ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ НОВИНАРИ ЈА ИМААТ ДОПОЛНИТЕЛНАТА ОБВРСКА ДА СЕ БОРАТ ЗА ВИСТИНАТА...

Ама новинарот и новинарството, за да бидат таа заштита на јавноста, на демократската јавност, прво како личности со карактер, треба да ги поседуваат особините од почетокот на овој разговор. Во спротивно, опасноста е дека и тие ќе станат дел од авторството на лажните вести, учесници во говорот на омраза и потпалувачи на разните *-изми*.

И токму затоа што новинарството е јавна професија, аналогно на тоа и мошне одговорна професија, новинарството бара храбри и чесни луѓе.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Дали и како можат граѓанското новинарство и активизмот да придонесат кон подобрување на состојбите во областа на доброто владеење и почитувањето на човековите права и слободи на локално и национално ниво?**

**ИВАНОВ:** Граѓанското новинарство е оној новинарски и редакциски пристап кој најдиректно е свртен спрема граѓаните. Спрема нивните секојдневни потреби на местото

на живеење, во градот, квартот, маалото. Родено во најдемократските европски земји, скандинавските од пред нешто повеќе од четврт век, граѓанското новинарство својата функција катадневно ја оправдува и ја потврдува со мноштвото покренати активности и со резултатите од нив.

Со својата настојчивост, со отворањето на редакциите за граѓаните, за нивните теми од нивното секојдневие, за нивните потреби, со јавните обраќања и прозивки за несработеното до надлежните, до институциите, до одговорните за состојбите и за потребите на луѓето, граѓанското новинарство се преобрази во динамична материја која ја моделира политиката и ја принудува да се спушти меѓу граѓаните и да се става во најнепосредна функција на нивното животно секојдневие.

И особено, со силината на ангажираното новинарство, да ги отвори институциите, да ги принуди да си ја работат работата, да сфатат дека тие самите по себе не се сопственост на самите себе, туку на граѓаните. Да ги направи најдостапни во секојдневието на луѓето и да го даваат својот долг за квалитетот на живеењето.

Граѓанското новинарство е новинарство без здив. Тоа покренува акции и не се откажува сè додека, во рамките на можното и реалното, не ја раздвижи политиката и надлежните во вистинска смисла на зборот. Вистински да бидат посветени на животот.

Граѓанското  новинарство е одблесокот на стварноста. Луѓето се неговата преокупација,

а политиката и институциите ги турка кон нивниот вистински колосек, посветено и одговорно да работат за од кого се создадени и плаќани.

**ЦИВИЛ: Дали и како може да се добие битката против говорот на омраза и лажните вести?**

**ИВАНОВ:** Само со вистински и крајно професионален журналистички пристап спрема одговорната новинарска професија и со придржување на новинарите до новинарските стандарди за вистина и непристрасност. Особено со моралните вредности и со етичките стандарди, новинарството може да го оправда своето учество во јавниот живот и новинарите својот ангажман во новинарската професија.

Секоја спротивност на овие познати начела новинарството, новинарската професија и новинарите само ќе ги вброи во соучесници во сè помасовната продукција на лажни вести и на говор на омраза. Ќе ги промовира во обични колаборационалисти на јавните и на тајните центри на разните политички и бизнис моќници на кои им се важни позициите, привилегиите и парите, а на кои вистината, демократијата и судот на јавноста им се непознати категории.

**Биљана Јордановска**
фотографија: **Дехран Муратов, Биљана Јордановска**




**Семинар за стратешко планирање, едукација и градење партнерста: „Транспарентност и одговорност во политичките процеси, Велес, 2019**




„Државата за граѓаните или граѓаните за државата“,
јавен настан на ЦИВИЛ, Градски парк, Скопје, 2019.

# САРАЧИНИ: ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ОДГОВОР НА НЕДОСТАТОКОТ НА КРЕДИБИЛНИ И НЕЗАВИСНИ ИНФОРМАЦИИ

Петрит Сарачини, активист за човекови права, колумнист, експерт за медиуми и мултимедијален уметник, за ЦИВИЛ МЕДИА говореше за влијанието на граѓанското новинарство и како тоа може да придонесе кон подобрување на општеството:

Новинарството е прилично јасно по својата дефиниција. Тоа се информации коишто се во служба на јавниот интерес, или сè она што граѓаните сакаат да го знаат. Граѓанско новинарство е, пак, кога било кој граѓанин ќе произведе таква содржина што е точна, релевантна и го допира јавниот интерес.

Едноставно, новинарството не треба да го ограничиме само на професионалците што работат во медиумите, туку тоа може да го работи било кој граѓанин, сè додека го работи според новинарските стандарди.



**ПЕТРИТ САРАЧИНИ:**

ДИГИТАЛНАТА ЕРА ОВОЗМОЖИ ДА СЕ СОЗДАДАТ МНОГУ МЕДИУМИ ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ ИНФОРМАЦИИ, НО ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ТИЕ МЕДИУМИ ПОВТОРНО ЗАСТАНАА ДА ИМ СЛУЖАТ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ОДРЕДЕНИ ЦЕНТРИ НА МОЌ, А НЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЈАВНОСТА И ДА БИДАТ ЗАШТИТНИЦИ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС.

Зошто е ова важно во овој момент? Важно е затоа што гледаме, и тоа не е само сега, оваа година, или изминатите неколку години, тој тренд трае подолго, дека традиционалните, големите медиуми прилично го стеснија својот круг на дејствување. Тие не работат исклучиво онака како што треба да работи професијата во интерес на јавноста, туку често пати им служат на други интереси, политички и пред сè, економски, односно на интересите на нивните сопственици. Тоа, секаде во светот, доведе до поголема побарувачка на информации што се независни од центрите на моќ.

Дигиталната ера овозможи да се создадат многу медиуми што произведуваат информации, но голем дел од тие медиуми повторно застанаа да им служат на интересите на одредени центри на моќ, а не на интересите на јавноста и да бидат заштитници на јавниот интерес.

Затоа и се јавува граѓанското новинарство. Тоа е одговор на побарувачката, на граѓаните, секаде во светот, за



**ПЕТРИТ САРАЧИНИ:**

СЀ ДОДЕКА МЕДИУМИТЕ НЕ СЕ СТРУКТУРИРАНИ ОНАКА КАКО ШТО ТРЕБА, ЈАВНОСТА ЌЕ БАРА НАЧИНИ ДА ОДГОВОРИ. ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО, ЕДНОСТАВНО, Е ОДГОВОР НА НЕДОСТАТОКОТ НА КРЕДИБИЛНИ И НЕЗАВИСНИ ИНФОРМАЦИИ.

информации што се вистинити, точни и коишто го заштитуваат нивниот интерес како суверени, или носители на политичките права во секоја држава. Сѐ додека таа природна врска меѓу граѓаните и медиумите е нарушена, ќе биде важно да постои и да се развива граѓанското новинарство. Сѐ додека медиумите не се структурирани онака како што треба, јавноста ќе бара начини да одговори. Граѓанското новинарство, едноставно, е одговор на недостатокот на кредибилни и независни информации.

Критичарите на граѓанското новинарство најмногу алудираат на тоа дека луѓе коишто не се обучени и не знаат да прават вести, често пати можат, дали од немарност, од незнаење, од недостаток на други информации... да ја излажат јавноста. Повторно ќе се вратам на она што го кажав на почетокот, новинарството е стандард. Луѓе кои работат во сериозни редакции секој ден го рушат тој стандард. Што да кажеме сега, дека тие не се новинари? Па тоа е вистината... Дека луѓето кои не работат по новинарски стандарди, не се новинари.

Сè додека е состојбата таква, ние не можеме, а и меѓународните конвенции не ни го даваат тоа право, било кому да му ја ограничуваме слободата на изразување. Затоа, таа критика, пред сè, треба да го има предвид правото на човекот слободно да се изрази, слободно да произведува и прима информации. И бидејќи е таква состојбата, тогаш тие што работат во професионални редакции треба да го засилат својот стандард, да се држат до тие постулати на новинарството, за да не овозможат простор за некој друг да влезе таму каде што тие отстапиле или потфрлиле.

Многу е едноставно. Луѓето бараат да ја слушнат вистината. Затоа, многу е важно медиумите да бидат организирани и да работат во интерес на јавноста.

Што се однесува на говорот на омраза, претежно производител на говорот на омраза е онлајн сферата и социјалните мрежи. Многу помал дел од тоа доаѓа од организираните редакции. Функцијата на граѓанското новинарство, тука би била токму она што и често пати го прави, да посочи на акции што се против говорот на омраза, да деконструира некоја лага којашто може да предизвика говор на омраза и слично.

обработка на текст: **Маја Ивановска**

фотографија: **Биљана Јордановска**

# БАЧОВСКА: ДАЛИ ИМАМЕ ЧУВСТВО ДЕКА ОДЛУЧУВАМЕ ВО ОВА ОПШТЕСТВО?

Универзитетската професорка Јасна Бачовска на дебатата „Граѓаните за државата или државата за граѓаните“ во организација на ЦИВИЛ, зборуваше за зачетоците на граѓанското новинарство, за потребата од него во земји како Северна Македонија, за демократијата и граѓанското учество. Настанот се одржа летото, 2019 година.

Концептот на граѓанското новинарство се појави во САД во осумдесеттите години кога не постоеја социјалните мрежи, и кога таа демократија во Америка западна во некоја криза. Тогаш се појавува граѓанското новинарство во една Америка во услови кога не постои јавен сервис. Па оттаму потекнува и тој концепт, таа идеја како и насловот на ова новинарство. Сега е многу благопријатно во вакви земји како што е Македонија, а за жал мојата земја е земја во којашто се бранат докторати за компетитивен авторитаризам, да видите вакви акции.




**ЈАСНА БАЧОВСКА:**

ТРАНСПАРЕНТНОСТА Е ЕДНА ОД ОСНОВИТЕ, ЕДЕН ОД ГЛАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ. НЕ МОЖЕТЕ ДА ИМАТЕ ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ БЕЗ ДА ИМАТЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОДНОСНО, БЕЗ ДА ИМАТЕ ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ.

Демократијата во Македонија е бавна. Во мојата земја демократијата како воопшто да не се движи. 27 години никако да добиеме демократија. Демократијата не е оној формален момент.

Денес, во современата политикологија не се мери дали имате поделба на власт. Поделбата на власта е формален критериум: извршна, судска, законодавна... Чувствата кај поединецот е она што се мери.

За демократијата се битни три елементи: дали јас како граѓанин им верувам на институциите, дали го толерирам другиот и учеството на граѓаните во донесувањето на одлуките. Или тоа поинаку се нарекува политичка ефикасност – дали јас имам чувство дека одлучувам во ова општество.

Мислам дека сите овие три чувства кај граѓаните во Македонија се многу ниски. Јас работам со студенти и можам да кажам дека студентите прво не веруваат во институцијата во која студираат. Се плашат од




**ЈАСНА БАЧОВСКА:**

ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА СЕ БИТНИ ТРИ ЕЛЕМЕНТИ: ДАЛИ ЈАС КАКО ГРАЃАНИН ИМ ВЕРУВАМ НА ИНСТИТУЦИИТЕ, ДАЛИ ГО ТОЛЕРИРАМ ДРУГИОТ И УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ.

професорите, се плашат од вработените на студентски прашања. Јас на Правниот факултет сум 26 години, со се студиите и не се чувствувам дека работам во некоја транспарентна институција. Тоа е јавен, државен универзитет. Сите вработувања што беа таму не беа транспарентни. Сите луѓе прво работеа на тој Универзитет па потоа се распишаа огласи. Во која демократска земја го има тоа? Дали е тоа транспарентност на една институција?

Транспарентноста е една од основите, еден од главните аспекти на доброто владеење. Не можете да имате добро владеење без да имате транспарентност, односно, без да имате отворени институции. Транспарентноста во вакви држави како што е нашата има два аспекти и тие се многу јасни.

Како се трошат парите и кој се вработува во јавната администрација? Тоа ги интересира граѓаните. Транспарентноста не се решава со портпарол, со односи со јавност. Да, треба да го имате и тоа, но мора да се сфати

дека суровоста на податоците не значи транспарентност. Ние сме бомбардирани со извештаи од институциите, со разни статистики и математики што ништо не им значат на граѓаните.

Сметам дека активизмот во оваа смисла може многу да помогне, но и дека истовремено активизмот е една од најтешките работи. Активизмот треба да се преточи како основа на живеење. Активизмот има многу проблеми. Особено активизмот на луѓето коишто работат во јавните институции, коишто исто така се граѓани и треба да бидат активни и треба да бидат првиот коректив.

Се работи за универзални човечки вредности, а европјаните ги нарекуваат европски вредности, без разлика дали е десница или левица. Зборуваме за универзални домаќински вредности на една држава и затоа мора да работиме и на конвенционалниот систем на образование. Од мали да ги учиме луѓето да бидат добри домаќини и каков однос треба да имаат кон државата и заедничките средства. Значи имаме многу работа.

обработка на текст: **Маја Ивановска**
фотографија: **Биљана Јордановска**

# ЗЕ´ИРИ: ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАРИ ПРИДОНЕСУВААТ ВО СИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ СФЕРИ, ОСОБЕНО НА ЛОКАЛНО НИВО

„Граѓанското новинарство е навистина важно, затоа што граѓаните се првиот и најдобриот извор на информации за доброто владеење и во случаите на кршење на човековите права и слободи бидејќи тие се најзасегнатите и во двете теми. Тие се првите што ќе го почувствуваат доброто или лошото владеење, корупцијата, неправдите, особео кога некој ги игнорира и ги крши граѓанските права и слободи“, изјави новинарот Арбен Зеќири, во разговорот за ЦИВИЛ МЕДИА.

Зеќири смета дека граѓаните се најдиректно погодени од сите проблеми со кои се соочува едно општество, па затоа токму тие можат и најмногу да придонесат, особено во најзаборавените сфери со кои не се занимаваат националните медиуми, а тоа се локалните случувања и работата на локалната власт.

„Се разбира, прво мора да има едукација на заинтересираните граѓани за тоа што е граѓанско новинарство, што е вест, што е новинарски прилог, како треба да пријават



**АРБЕН ЗЕ´ИРИ:**

АКО УСПЕЕМЕ ДА ГИ ЕДУЦИРАМЕ ГРАЃАНИТЕ ДА ГИ ПРЕПОЗНАВААТ ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ ТОА ЌЕ БИДЕ И НАЈДОБРАТА ОДБРАНА ПРОТИВ НИВНОТО ШИРЕЊЕ.

случај на говор на омраза, што се лажни вести, па потоа да продолжи соработката со медумите, институциите, невладиниот сектор... Преку разни форми на граѓаните треба да им се објасни што е лажна вест, како да ја препознаат и самите да бидат способни да не конзумираат лажни вести, спинови и разни манипулации... Ако успееме да ги едуцираме граѓаните да ги препознаваат лажните вести тоа ќе биде и најдобрата одбрана против нивното ширење“, вели Зеќири.

Според Зеќири, ЦИВИЛ  успеа да одговори на предизвиците на времето, одговарајќи секогаш на актуелните теми и предизвици во општеството и да придонесе кон јавниот интерес во секој сегмент и дека така треба и да продолжи понатаму.

**Биљана Јордановска**
фотографија: **Дехран Муратов**

# МАКСУТИ: ГРАЃАНИНОТ Е САМО РЕТОРИКА, А НЕ ЦЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

„За жал сведоци сме на продолжување на некои стари пракси и тешко се спроведуваат реформи во некои заробени институции. Државата, егзекутивната власт, мора да разбере дека се тука за граѓаните и никако поинаку. За мене најбитната алка е владеење на правото. Јас сум архитект, но мислам дека оваа потреба од владеење на правото се рефлектира во сите можни сфери во општеството“, изјави Мерита Максути, архитект и граѓанска активистка на панел дискусијата „Граѓаните за државата или државата за граѓаните!?“ во организација на ЦИВИЛ.

„Мислам дека државата не треба провизорно, туку суштински да се залага за реформи на сите нивоа. Во едно општество кое се стреми во едно општество за сите не може да ја дозирате правдата и пристапот до информации од една страна, затоа што тоа ви одговара за политички пазари. Ова го кажувам со најголем легитимитет и како припадничка на албанската нација сакам да кажам дека во албанскиот блок во моментот нема критична маса и критично размислување. Ако е и присутна, таа е незабележлива и автоцензурирана. За жал, луѓето се оддалечуваат, се апстрахираат и




**МЕРИТА МАКСУТИ**

ДОЛГОГОДИШНАТА НЕДОВЕРБА КОН СИСТЕМОТ, СЕЛЕКТИВНАТА ПРАВДА, НЕПОТИЗМОТ, НЕРЕФОРМИРАНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОЛИТИЧКИОТ КЛИЕНТЕЛИЗАМ ПРИДОНЕСОА КОН МАСОВНО ИСЕЛУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ.

поинаку се чувствуваат. Реалноста е дека општеството е парцијализирано. Долгогодишната недоверба кон системот, селективната правда, непотизмот, нереформираното образование и политичкиот клиентелизам придонесоа кон масовно иселување на младите“, рече Максути.

„Како активистка за животна средина, повисока урбана култура и човековите права, сè повеќе се среќавам со луѓе кои буквално заминуваат од државата, не поради економски причини. Искрено, лично, се чувствувам како да ја слушам песната на U2 „Stuck in the Moment“, момент кој трае и трае... Не можам, а да не кажам дека се продолжува истиот тренд, каде граѓанинот е само реторика, а не и целта за општествената промена“, смета Максути.

Максути како главен проблем го гледа непостоењето на функционална демократија која ги затвора пред сè локалните власти кои никогаш не се спремни за конструктивна критика.

текст и фотографија: **Биљана Јордановска**

nota bene

**Граѓанското новинарство претставува алтернативна форма на известување заснована врз активизам, како граѓански одговор на недостатоците на традиционалниот медиумски простор. Се заснова врз новинарска практика, но користи алтернативни облици на изразување, а легитимноста ја извлекува од лични или групни искуства и ставови на очевидци или учесници на настани и процеси.**

# ИВАНОВСКА, ДКСК: ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА, ПРЕСУДНО Е ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО

Билјана Ивановска, претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата, говореше на семинарот на ЦИВИЛ „Транспарентност и одговорност во политичките процеси“ што е дел од проектот „Граѓански објектив“. Ивановска ги дефинираше фундаменталните обврски и очекувања од ДКСК, како и потребата од соработка со граѓанскиот сектор, медиумите, институциите и со секој граѓанин или граѓанка поединечно. Преку конкретни примери, отворено, транспарентно и одговорно, Ивановска на јавноста ѝ ја доближи најзначајната институција во борбата против корупцијата.

Ова се наши први скромни почетоци во соработката со граѓанскиот сектор, но секој успех се должи на некаков почеток. Ние мора да успееме. За успех треба ум во глава и срце во гради, чувство за правда.

Јас не сум правник, но имам изразено чувство за правда и праведност и затоа и ќе се борам. Благодарение на учеството на граѓанското општество, дојде до значајни промени во законите, вклучувајќи го и Законот за спречување на корупцијата. Првата значајна промена што е направена под притисок на граѓанските здруженија е начинот на избор на Комисијата, како прв фактор кој овозможува неполитичко, одлучно и неселективно делување на Комисијата.

Исто така, другите значајни промени се под влијание на граѓанското општество, а кои се однесуваат на транспарентноста, затоа што сè што се одлучува е достапно на јавноста. Мислам дека покрај другите промени што се направени, со кои се зголемуваат надлежностите на Комисијата, во нејзиното делување, истражни дејствија, поврзување со бази на податоци, кога станува збор за граѓанското општество и демократијата, овие три работи се клучни: транспарентното работење, објавување на одлуките и јавните седници, и тоа го прават пред сè луѓе кои немаат политичка заднина и долг кон партија. Сите наши седници се транспарентни, одлуките јавно и транспарентно ги обавуваме на веб страницата – сè што се работи е јавно.




**БИЛЈАНА ИВАНОВСКА:**

КОРУПЦИЈАТА ГО КРШИ ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО, ГИ КРШИ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ. МОРА СЕКОМУ ДА СТАНЕ ЈАСНО ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ОСУДИМЕ СЕКОЈ ШТО ЌЕ СИ ДОЗВОЛИ НА НЕЧЕСЕН НАЧИН НЕШТО ДА СТЕКНЕ...

## ЗАКОНОТ ДОЗВОЛУВА ЈАВНО ОБРА´АЊЕ ВО СОБРАНИЕТО

Новиот закон на антикорупционерите им ја дава и можноста, доколку имаат притисоци, да се обратат во Собранието, што е особено важно како алатка за постигнување транспарентност и независност, но и како форма на јавен притисок.

## ЗАЕДНО ´Е УСПЕЕМЕ ДА ДОЈДЕМЕ ДО РЕЗУЛТАТИ!

Сите знаеме дека справувањето со корупцијата, не само во нашето општество, е тешка, опасна работа и многу тешко се надминува. Но, навлегувајќи сè повеќе и повеќе во оваа проблематика, постојат статистички податоци за земји што организирано пристапуваат кон намалување на корупцијата и до 8% намалување на буџетските средства.  Неопходен е системски пристап и инклузивност, пред сè, на граѓаните, граѓанските здруженија, медиумите и ние. Тоа што ќе го донесеме како одлука, тука се медиумите да го објават, тоа што ќе го покренеме, тука се да прашаат, да следат до каде е постапката. Мислам дека заедно ќе успееме да дојдеме до резултати!



**БИЛЈАНА ИВАНОВСКА:**

МОРА ДА ЈА ПРОМЕНИМЕ СВЕСТА ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА. ПРВО, СЕКОЈ ОД НАС ТРЕБА ДА БИДЕ НА ЧИСТО СО БОРБАТА ВО СЕБЕ, ДА НЕ ПЛАТИ ЗА УСЛУГА КОЈА МУ СЛЕДУВА, И ДА НЕ ПОБАРА МИТО ЗА ТОА ШТО ГО ПРАВИ.

## ДА ЈА ПРОМЕНИМЕ СВЕСТА

Мора да ја промениме свеста за борбата против корупцијата. Прво, секој од нас треба да биде на чисто со борбата во себе, да не плати за услуга која му следува, и да не побара мито за тоа што го прави. Тоа се всушност и основните дефиниции на активна и пасивна корупција во Законот, кој ги регулира односите и во случаи кога некој може да побара или да му биде понудено мито. Кога секој со себе ќе расчисти дека ниту ќе побара, ниту ќе даде, ќе биде во состојба да ја спречи корупцијата.

Првиот чекор е промена на свеста. Тоа се и првите препораки на странците – Променете си го вашето однесување! Борбата е во нас, само треба да излезе на површина. Тоа што секој може да го направи е јакнење на свеста на граѓаните. Мора да биде срамота тоа да се прави. Кога ќе биде осудено дека е срамота, тогаш ќе имаме борба со корупцијата. Едно време беше модерно ако си на функција, срамота е да немаш ти кола, да немаш привилегии. Тоа мора да го промениме.

## КОРУПЦИЈАТА ГИ КРШИ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Корупцијата го крши владеењето на правото, ги крши човековите права, моралните вредности. Мора секому да стане јасно дека треба да го осудиме, обрукаме, исплукаме секој оној кој ќе си дозволи на нечесен начин нешто да стекне...

Треба да создадеме ткиво здраво, секое ткиво почнува со една клетка. Ако ние сме критична маса, од тука натаму ќе продолжиме така да правиме и однесуваме, да градиме здраво ткиво.

## ОТВОРИВМЕ ФРОНТОВИ НА СИТЕ СТРАНИ

Многу информации ни испраќаат и многу луѓето се одзваа, што ни е посебно драго. Отворивме фронтови на сите страни. Луѓе доаѓаат постојано, не се случило некого да одбиеме. Ниеден не останал без одговор. Луѓето буквално се незадоволни од оваа држава, гневот се чувствува во текстот, како е напишана пријавата.

Го променивме деловникот за да не ги ставаме сите такви пријави на седница, туку да ги провериме, дали држат или не држат, па одлуките да ги ставиме на седница. Затоа што бевме злоупотребувани, преку нас со пријави се препукуваа политичките партии. Затоа повеќе ќе бидеме меѓу граѓаните, во институциите, да им кажеме на луѓето да не се продаваат, со вистински човечки судбини се тргува.

## ЗАКОН ЗА УКАЖУВАЧИ

Знаете дека од 2016 функционира Закон за укажувачи. Додека не почна комисијата да функционира (ДКСК), немаше пријави. Имало две во Министерството за одбрана, кои, откако укажувачите пријавиле до инситуциите, излегоа на Фејсбук. А знаете дека укажувачите прават крупни промени во државата. Сега веќе, во овие шест месеци, 12 предмети имаме, некои во завршна фаза. Со таа процедура (за укажувачи) добиваат целосна заштита од државата. Доволно е само да кажат дека одат кај лицето за заштита на укажувачи. Доволно е да кажат дека одат кај Ирена Поповска, која е контакт лице за укажувачи во ДКСК. Не смеат ни да ги идентификуваат. Тоа е голем чекор!

## НЕ МОЛЧЕТЕ ПРЕД НЕПРАВДАТА!

Граѓаните не треба да се плашат. Обврската што ја презема и ДКСК е да ги охрабри да не молчат пред неправдата.

обработка на текст: **Биљана Јордановска, Игор К. Илиевски, Маја Ивановска**

фотографија: **Биљана Јордановска**

nota bene

**Граѓанското новинарство е водено од мотиви и идеали што произлегуваат од граѓанските барања за демократија и слобода на изразување. Тоа е новинарство во рацете на граѓан(к)ите што имаат активна улога во процесот на прибирање информации, анализа и ширење вести, информации и ставови.**

# ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО, ЧЕКОР КОН ВИСТИНСКО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

**БИЉАНА ЈОРДАНОВСКА**

Во потрага по вистината, граѓанките и граѓаните се први што бараат точни, навремени, објективни информации за тоа што се случува во нивната непосредна средина, во градот или општината во која живеат, па сè до информации што се од јавен интерес во општествениот и политички дискурс.

ЦИВИЛ, во интерес на граѓанките и граѓаните, секогаш во промоција и заштита на човековите права и слободи, го започна проектот „Граѓански објектив", меѓу другото и со цел да создаде безбеден и влијателен простор за активно учество, не само во идентификување на проблемите во општеството и нивно мониторирање, туку и објавување на информации и ставови за тоа што се случува, без цензура. Граѓанското

**ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ВЛИЈАТЕЛНА АЛАТКА КОЈА МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСЕ КОН ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ СО АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ**

учество е чекор поблиску до едно здраво демократско општество во кое главниот збор во негово креирање го имаат токму граѓанките и граѓаните.

Популаризацијата на граѓанското новинарство, како влијателна алатка која може да придонесе кон општествените промени со активно учество на граѓанките и граѓаните, ЦИВИЛ ја спроведе преку јакнење на јавната свест, граѓанско образование, активизам, примена на технолошки алатки, медиумска писменост, како теоретска подготовка и преку практична, теренска работа, каде се користеа стекнатите знаења. Воедно, имајќи ги предвид недостатоците на граѓанското новинарство, тимот на ЦИВИЛ секогаш е на располагање да помогне во проверката и верификацијата на фактите од теренот, да ги консултира сите засегнати страни во една тема или сторија и да му даде дополнителни квалитети и професионално ниво на тоа што се објавува на медиумската платформа.

На тој начин медиумите добиваат една поинаква и иновативна нишка што се разликува од традиционалното верификување на информациите од терен, што често поради различната хиерархиска

**ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е ВЛИЈАТЕЛНА АЛАТКА КОЈА МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСЕ КОН ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ СО АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ**

поставеност може да трае и предолго, а често е подложно на цезура и дополнителна обработка на содржините. ЦИВИЛ им овозможува на граѓанските новинари побрз и полесен процес на верификација, оставајќи ги нивните материјали во изворна форма независно од нивниот квалитет, сè додека тие ја пренесуваат изворно пораката што треба да допре и до јавноста и до надлежните органи, кои најчесто се и причинители на проблемите за кои се известува.

Спојувајќи го активизмот, основните новинарски вештини и храброста да се биде активен чинител во креирање на демократските процеси во еден критичен период, особено во медиумите, за нашата земја, ЦИВИЛ им ја дава моќта на граѓанките и граѓаните кои смело чекорат на првите линии во освојување на медиумскиот простор преку нивните активни заложби за слободата на изразување, човековите права и слободи, демократијата и за правото на граѓанинот да биде гласен, но и информиран објективно и без манипулации.

Сите ние сме граѓански новинарки и новинари. Ние сме медиумите. Тоа се често повторувани слогани во текот на проектот „Граѓански објектив“.

**СИТЕ НИЕ СМЕ ГРАЃАНСКИ НОВИНАРКИ И НОВИНАРИ.**

**НИЕ СМЕ МЕДИУМИТЕ!**

Тимот на ЦИВИЛ постојано повторува дека е добро секогаш да се биде подготвен да се употреби телефонот, да се снима, фотографира или напише порака на некој од онлајн пријавите за пријава на нерегуларности, злоупотреба, говор на омраза, лажни вести, корупција, кршење на човековите права и слободи, социјални неправди, еколошки проблеми, загрозување на основните услови за живот...

Токму нивните прилози ги носат клучните промени и влијанија, нивното излегување на улица користејќи го правото на протест против лошите политики во сите сфери на општеството, нивниот глас наспроти молкот на медиумите, институции и самата држава, нивната борба за демократско и праведно општество е единствениот начин да се успее во интерес на сите граѓанки и граѓани.

И затоа е далеку од потребно да се промовира граѓанското учество, активизмот и нивното значење во контекст на граѓанското новинарство чија моќ останува неприкосновена во модерните општествени уредувања.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОДГОВОРНОСТА Е ЈАСНО ДЕФИНИРАНА ОБВРСКА, ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРИ Е СТРОГО ЗАБРАНЕТА

**МАЈА ИВАНОВСКА**

*Транспарентност и одговорност на институциите*

Универзалната декларација за човекови права (член 19) го гарантира основното право на пристап до информации од јавниот сектор. Во таа смисла, транспарентноста, претставува средство за подобрување на управувањето со јавниот сектор. Освен Универзалната декларација, оваа материја се регулира со бројни меѓународни правни норми и стандарди, а се дел и од националните законодавства на најголем дел од земјите членки на Обединетите нации.

Транспарентноста го зајакнува гласот на граѓаните, помагајќи им да влијаат врз донесувањето на одлуки директно, преку нивните избраници во парламентот и преку

**ТРАНСПАРЕНТНОСТА Е ВАЖЕН ЕЛЕМЕНТ ЗА ЕФЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ, ПОМАГА ВО ГРАДЕЊЕТО НА ДОВЕРБА НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ**

политичките процеси. Создавањето на информации со кои се прикажуваат намерите, активностите и последиците врз јавниот сектор е, исто така, неопходно, но не доволно за постигнување на задоволително ниво на транспарентност и одговорност. Во тој контекст, транспарентноста е неопходна за работата на државните институции и во смисла на потребите и можностите граѓан(к)ите да ги повикаат институциите на одговорност.

Транспарентноста е важен елемент за ефективно управување со јавните ресурси, помага во градењето на доверба на јавноста во работењето на јавните институции и придонесува за одржливост во спроведувањето на јавните политики.

Транспарентноста има две различни димензии. Првата е пристап до информации поврзани со процесите и процедурите врз основа на кои јавниот сектор презема и спроведува одлуки. Втората претставува пристап до информации во сопственост на јавниот сектор.

За граѓан(к)ите е важен фактот дека повисоко ниво на транспарентност може да се постигне само преку граѓанското учество во донесувањето на одлуки и креирањето на јавните политики.

**ВО ИЗБОРЕН КОНТЕКСТ, ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА, ПОДРАЗБИРА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ИЗБОРНИ ЦЕЛИ.**

Затоа, ако сакаме транспарентни и одговорни институции, тогаш ние како граѓани мора активно да се вклучиме и да бидеме општествено одговорни граѓани.

*Злоупотреба на службена положба за време на избори*

Злоупотребата на службената положба е секоја постапка на функционерите и службените лица со која ги  искористуваат своите овластувања, ги пречекоруваат или не ја вршат својата службена должност за да добијат некаква корист.

„Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години", стои во членот 353 од Кривичниот законик, првиот член во Глава 13- Кривични дела против службената должност.

Во изборен контекст, злоупотребата на службената положба, подразбира искористување на положбата на службеното лице за изборни цели. На ваквите злоупотреби се однесува уште едно поглавје

во Кривичниот законик, Глава 16 – Кривични дела против изборите и гласањето. Ваквата злоупотреба на службената положба најчесто се однесува на вршење притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација, во други институции или установи кои се финансирани од буџетот на државата, буџетите на општините, како и во трговски друштва и претпријатија со државен капитал.

Исто така, злоупотребата на службената должност за изборни цели се поврзува со закани кон вработени лица и граѓани, во однос на нивно вработување и социјална сигурност, како резултат на нивното поддржување или неподдржување на одредена политичка партија или кандидат.

Токму од овие причини, политичките партии и кандидати учесници во изборните процеси во земјата се обврзани да потпишат Кодекс за фер и демократски избори со кој и јавно, недвосмислено се обврзуваат дека нема да вршат никакви притисоци.

Злоупотребата на службената должност може да се однесува и на службени лица кои учествуваат во изборна кампања во службена униформа, за што, на пример, Изборниот законик предвидува глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност.

# ТРАЈКОВ: ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е АЛАТКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ!

Горан Трајков, граѓански активист, адвокат и музички уметник, зборуваше за ЦИВИЛ МЕДИА за неговото искуство со граѓанското новинарство и активизмот. Тој вели дека преку граѓанското новинарство имал можност да запознае прекрасни луѓе и професионалци, кои секогаш се посветени на своите задачи, односно да помогнат на проблемите кои ги имаат граѓаните.

„Она што можам да кажам е дека, доколку не бев на обука за граѓански новинари, организирана од ЦИВИЛ, немаше да ги знам основите за тоа како треба да се состави една приказна и како да се артикулира еден проблем на граѓаните“, вели Трајков.

Според Трајков, доколку неговата сторија не била објавена на медиумската платформа на ЦИВИЛ, достапна за граѓанските новинари, проблемот немаше никогаш да допре до јавноста.




**ГОРАН ТРАЈКОВ:**

ПРЕКУ НАШИТЕ АКТИВНОСТИ И ПРЕКУ ВИДЛИВОСТА ШТО ЈА ДОБИВМЕ ОД ЦИВИЛ, ПРИДОНЕСОВМЕ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА БОРБАТА ЗА СОЦИЈАЛНАТА ПРАВДА.

„Со таа сторија покренавме лавина на прашања за решавање на проблемите со кои се соочуваа граѓаните во источниот регион, конкретно за социјална правда, односно за текстилните работници. Кога се објави оваа приказна, никој од комерцијалните медиуми не сакаше да објавува ваков тип на новинарски приказни и затоа мислам дека граѓанското новинарство, поддржано од ЦИВИЛ, им даде една нова димензија на граѓаните и нова алатка за тоа како можат да се справат со решавањето на одредени проблеми во општеството. Преку нашите активности и преку видливоста што ја добивме од ЦИВИЛ, придонесовме владеење на правото и зајакнување на капацитетите за борбата за социјалната правда. Верувам дека ова е одличен начин да им се овозможи на граѓаните да си ги остварат правата кои им следуваат во нашата држава“, заклучи Трајков.

**Ангела Петровска**

# МАНЕВА ЖИВКОВА: ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е МОЖНА АЛАТКА ЗА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНСТИТУЦИИТЕ И ВЛАСТА

Граѓанската активистка и бранителка на човековите права, Симона Манева Живкова вели дека, доколку сакаме да се случат промени во општеството, потребно е да тргнеме од самите нас, односно ние да ги предизвикаме промените што сакаме да ни се случат. Граѓанското новинарство е моќна алатка која што дава можност да се поминат црвените линии на традиционалното новинарство и состојбите на теренот да ѝ се пренесат на јавноста реално, вистински, во сурова форма, така какви што навистина се.

„Граѓанското новинарство е моќна алатка за влијание врз институциите и врз власта, но и за откривање на криминалите и злоупотребите во сите сегменти на општеството и на национално и на локално ниво. Секој од нас бил сведок на кршење на нечие право, на злоупотреба на службена положба, на непостапување на институциите, на вистината наспроти лажните вести. Граѓанското новинарство ни овозможува да го документираме тоа сведочење и да ѝ го пренесеме на јавноста, а со тоа да покажеме колку е важно и колку е моќно нашето учество во предизвикување на промените и во креирањето на



**СИМОНА МАНЕВА ЖИВКОВА:**

ДОКОЛКУ САКАМЕ ДА СЕ СЛУЧАТ ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО, ПОТРЕБНО Е ДА ТРГНЕМЕ ОД САМИТЕ НАС, ОДНОСНО НИЕ ДА ГИ ПРЕДИЗВИКАМЕ ПРОМЕНИТЕ ШТО САКАМЕ ДА НИ СЕ СЛУЧАТ.

политиките што нас нѐ засегаат", вели Манева Живкова.

„Со ЦИВИЛ имам интересно и прекрасно искуство и како граѓанска новинарка и како соработничка, и како нивен поддржувач. Преку платформата на ЦИВИЛ со граѓаните сум споделувала тажни приказни за грубо кршење на основните права на граѓанките и граѓаните. Сум пренесувала информации од терен за кршење на законите за непостапување на институциите, документирање говор на омраза, демантирање на лажни вести и слично, и тоа во изворна форма, токму на начин на кој што сум сакала да го слушнат граѓанките и граѓаните во институциите. И се надевам дека заедно со ЦИВИЛ сме дале свој придонес преку говорење, алармирање, дејствување, во подобрување на состојбите во општеството и во унапредување на човековите права", посведочи Манева Живкова.

обработка на текст: **Ариан Мехмети**
фотографија: **Биљана Јордановска**

## ЗАВРШНА БЕЛЕШКА

# ГРАЃАНСКОТО НОВИНАРСТВО Е НА ПРВИТЕ ЛИНИИ НА ФРОНТОТ

Граѓанските новинарки и новинари се на првата линија на фронтот за откривање на нерегуларностите во општеството, во практикувањето на власта, во злоупотребите на службената положба и на јавните ресурси. Истото тоа важи и за набљудувањето на изборните процеси.

Граѓанските новинар(к)и ни ги даваат најдобрите, најбрзите и најрелевантните информации од теренот, бидејќи се наоѓаат на лице место. Тоа се луѓето кои можат да откријат говор на омраза, поткуп, корупција... За тоа е доволно да имаат телефон со себе и да снимаат, фотографираат или напишат порака на нашите онлајн алатки за пријава на нерегуларности или злоупотреба.

**ГРАЃАНСКИТЕ НОВИНАР(К)И НИ ГИ ДАВААТ НАЈДОБРИТЕ, НАЈБРЗИТЕ И НАЈРЕЛЕВАНТНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ТЕРЕНОТ, БИДЕЈ´И СЕ НАОЃААТ НА ЛИЦЕ МЕСТО.**

Тие можат да следат и забележат говор на омраза или лажни вести на социјалните мрежи, а потоа може и да ги демантираат тие лажни вести со тоа што ќе одат на лице место и ќе ја снимаат или фотографираат таа ситуација која лажно е пренесена, а ние можеме да ја објавиме.

Тоа што граѓанските новинарки и новинари може да го направат, не може да го направат робусните екипи на традиционалните медиуми.

ЦИВИЛ ја гарантира анонимноста на граѓанските новинар(к)и. Ако ви е непријатно или се плашите од некакви реперкусии, ние вашиот прилог ќе го објавиме анонимно и ќе ја зачуваме анонимноста на авторката или авторот.

Доволно е да се напише мејл, порака на Фејсбук или да се испрати видео преку и да се напише кратка информација што се случува. Ние тоа ќе го објавиме без цензура, без калкулации или компромис!

Преку ангажманот на граѓански новинар или новинарка, вие имате простор да се вклучите во работата на ЦИВИЛ - Центар за слобода и во другите проекти и активности.


WE ARE THE MEDIA!


CIVIL
National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world
CIVIC
www.civil.org.mk
ВЁНU GAZETAR QYTETAR!
ИЗВЕСТУВАЈ
ПРОМЕНА
#CivicLenses
@CivilMacedonia
fb/civil.mk
monitor@civil.mk
CIVIL
WWW.CIVIL.ORG.MK
SUSTAINABLE
1999
FREE SOCIETY
ELECTIONS
MEDIA PLATFORM
www.civilmedia.mk
www.civil.today
www.clp.mk
ALWAYS ONLINE
СКОПЈЕ